# ЗАПИСНИК

Од одржаната **9-та** седница на Советот на општина Новаци одржана на ден **05.04.2022** година со почеток во **12,00** часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот на општина Новаци:

Славица Најдовска-Стојковска, Горан Велјановски, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Александар Канзуровски, Љупчо Петровски, Наумче Смилевски, Иванчо Котевски и Сузана Јовановска.

На седницата се присутни вработени: Стевче Ангелевски - секретар на општина Новаци, Оливера Димитровска - раководител на оделение, Летка Јовановска - раководител на оделение, Николина Лозановска - соработник за соц. здр.и детска заштита.

## Д н е в е н   р е д

Усвојување на записниците од 7-та и 8-та седница на Совет на Општина Новаци.

1. Предлог-Измени на Програмата за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во општина Новаци за 2022г.
2. Предлог-Одлука за измена и дополнување на одлука за основање на Општински совет за социјална заштита
3. Доставување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за 2022г.од страна на АД Водостопанство на РМ - Подружница “Битолско поле“-Битола
4. Предлог-Одлука за давање на согласност на Меморандум за соработка меѓу општина Новаци и лицето Рамазан Тезџан како промотер на општина Новаци
5. Предлог-Одлука за давање на согласност на Меморандум за соработка меѓу општина Новаци и лицето Ахмед Корпулуоглу како промотер на општина Новаци
6. Барање за финансиски средства во висина од 1.435.985,00 ден за пролетен дел од натпреварувачката година од ЗФК“ Новаци 2005“- Новаци
7. Барање за финансиска помош во висина од 15.000,00 ден за прославување на Велигденските празници во црквата “Свето воскресение Христово“ во с.Далбеговци
8. Барање за финансиска помош во вид на матерјали за црквата “Св Петка“ од МЗ на с.Рапеш
9. Барање за финансиска помош или во матерјали за манастирот “Св.Елена и Константин“ од МЗ на с.Долно Орехово.
10. Барање на помош во матерјали (црево и спојки) за поправка на селскиот водовод од МЗ на с.Долно Орехово
11. Барање на помош за санација на поилки од МЗ на с.Живојно
12. Барање на помош во матерјали (црево за вода) од МЗ на с.Скочивир
13. Барање за финансиска помош од лицето Василка Стојановска од с.Новаци
14. Барање за финансиска помош од лицето Благоја Вељановски од с.Долно Агларци
15. Барање за финансиска помош од лицето Добре Котевски од с.Добромири за неговиот син Ѓорѓи лице со посебни потреби
16. Барање за финансиска помош од лицето Милица Стевановска од с.Новаци
17. Барање за финансиска помош од лицето Васко Крстевски од с.Гермијан за неговиот брат Јоцо Крстевски –лице со посебни потреби
18. Барање за финансиска помош од лицето Оливер Митровски од с.Долно Агларци

**<u>Дополнување :</u>** Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош

19. Барање за финансиска помош од лицето Слободан Крстевски од с. Долно Агларци како домаќинство во социјален ризик
20. Барање за финансиска помош од лицето Љупчо Митковски од с. Рапеш за неговата ќерка Јагода, лице со оштетен вид
21. Барање за финансиска помош од лицето Станко Мицевски од с. Новаци како лице со посебни потреби
22. Барање за финансиска помош од лицето Крстевска Ленче од с. Живојно за лекување
23. Барање за финансиска помош од лицето Томе Ѓоргиевски од с. Гнеотино како лице со посебни потреби
24. Барање за финансиска помош од лицето Благојче Кулевски од с. Живојно како лице со посебни потреби
25. Барање за финансиска помош од лицето Даниела Крстевска од с. Новаци за лекување
26. Барање за финансиска помош од лицето Злате Јовановски од с. Новаци за реконструкција на кров од куќа.

Предложениот дневен ред и дополнувањето на дневниот ред **едногласно** е усвоен.

На почетокот на Седницата Претседателот на Совет Г-ѓа Славица Најдовска - Стојковска предложи **2-та точка** од дневниот ред да не се разгледува на оваа Седница на Советот на општина Новаци бидејќи ова прашање треба претходно да се разгледува од страна на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.
Овој предлог беше **едногласно** усвоен.

Советникот Иванчо Котевски пред почетокот на разгледување на точките од дневниот ред повторно потенцира дека Директорот од ЈПКД "Комунална Хигиена" – Новаци сеуште нема одговорено на неговото барање за достава на список на домаќинства кои имаат заостанат долг.

**1 точка: Предлог-Измени на Програмата за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во општина Новаци за 2022г.**

Раководителот на Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животната средина и локален економски развој Г-ѓа Јовановска по однос на првата точка од дневниот ред ја образложи потребата од Измени на Програмата за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во општина Новаци за 2022г. Имено општина Новаци доби известување од Министерството за животна средина да направи измена на оваа Програма поради неприфаќање на два проекти ("Чистење на диви депонии" и "Чистење на поројот од вегетација во с.Гермијан" кои се составен дел на Програма и нивна замена со нов проект "Изградба на тротоари во должина од 305м. во с.Рибарци" .
Советот **едногласно** усвои Измени на Програмата за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во општина Новаци за 2022г.

**3 точка: Доставување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за 2022г.од страна на АД Водостопанство на РМ - Подружница “Битолско поле“-Битола**

АД Водостопанство на РМ - Подружница “Битолско поле“-Битола која дејствува на територијата на општина Новаци достави до Советот на општина Новаци Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за 2022г.

Советот **едногласно** донесе Одлука за усвојување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за 2022г. на територијата на која дејствува подружница “Битолско Поле“ – Битола, општина Битола, Могила, Новаци и Демир Хисар

**4 точка: Предлог-Одлука за давање на согласност на Меморандум за соработка меѓу општина Новаци и лицето Рамазан Тезџан како промотер на општина Новаци**

Претседателот на Советот на општина Новаци Г-ѓата Славица Најдовска-Стојковска образложи дека Г-динот Рамазан Тезџан ќе ја промовира општина Новаци во странсво со цел привлекување на странски инвестиции за поголем економски развој на општина Новаци.

Советот **едногласно** донесе Одлука за давање на согласност на Меморандум за соработка меѓу општина Новаци и лицето Рамазан Тезџан како промотер на општина Новаци

**5 точка: Предлог-Одлука за давање на согласност на Меморандум за соработка меѓу општина Новаци и лицето Ахмед Корпулуоглу како промотер на општина Новаци**

И по однос на петтата точка објаснување даде Претседателот на Советот на општина Новаци Г-ѓата Славица Најдовска-Стојковска која образложи лицето Ахмед Корпулуоглу од Сакариа, ќе ја промовира општина Новци во Република Турција со цел привлекување на инвестиции.

По предлогот Советот **едногласно** донесе Одлука за давање на согласност на Меморандум за соработка меѓу општина Новаци и лицето Ахмед Корпулуоглу како промотер на општина Новаци

**6 точка: Барање за финансиски средства во висина од 1.435.985,00 ден за пролетен дел од натпреварувачката година од ЗФК“ Новаци 2005“- Новаци**

По однос на ова прашање се разви дискусија од страна на советниците за досегашната работа и финансиските проблеми со кои моментално се соочува на ЗФК“ Новаци 2005“-Новаци. Во дискусијата Советниците ги изнесоа своите различни мислења и ставови при што заседоа став за преименување на точката...Барање за финансиски средства во висина од 1.435.985,00 ден за пролетен дел од натпреварувачката година од ЗФК“ Новаци 2005“-Новаци... во ....Разгледување на Финасиска Програма (пролетен дел) на ЗФК“Новаци 2005“-Новаци...

Советниците ја разгледаа Финасиската Програма (пролетен дел) на ЗФК “Новаци 2005“-Новаци и **едногласно** донесоа Заклучок за давање на позитивно мислење на Финансиската програма за 2022 г. на ЗФК „Новаци 2005“- Новаци за пролетниот дел од натпреварувачката година

**7 точка: Барање за финансиска помош во висина од 15.000,00 ден за прославување на Велигденските празници во црквата "Свето воскресение Христово" во с.Далбеговци**

Поради Ковид пандемијата во црквата "Свето воскресение Христово" с. Далбеговци две години не се одбележуваше прославувањето на Велигденските празници кои се воедно и слава на село Далбеговци. Црковниот одбор на црквата "Свето Воскресение Христово" по двегодишна пауза има намера да ја продолжи традицијата и затоа до Советот на општина Новаци доставува барање за финансиска помош.

Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за одобрување набавка на прехрамбени производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци за одбележување на верски празник во с.Далбеговци во бруто износ од 15.000,00 денари.

**8 точка: Барање за финансиска помош во вид на матерјали за црквата "Св Петка" од МЗ на с.Рапеш**

МЗ на с.Рапеш достави барање до Советот на општина Новаци за набавка на градежни матерјали (мрежа) наменети за оградување на дворот на црквата "Св. Петка" во с.Рапеш. за што советниците одлучија набавката на матерјали да изнесува во максимален бруто износ од 20 000,00 ден.

По однос на осмата точка Советот на општина Новаци со **7** гласови **за** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на градежни матерјали за црква"Св.Петка" во с.Рапеш.

**9 точка: Барање за финансиска помош или во матерјали за манастирот "Св.Елена и Константин" од М.З на с.Долно Орехово**

По кратка дискусија Советот на општина Ноавци одлучи висината на финансиската помош во вид на матерјали, мрежа за ограда на манастирот "Св. Елена и Констатин" во с. Д. Орехово да изнесува во бруто износ до 20 000,00 ден .

Советот со **8** гласови **за** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на градежни матерјали за манастир "Св. Елена и Константин" во с.Долно Орехово.

**10 точка: Барање на помош во матерјали (црево и спојки) за поправка на селскиот водовод од МЗ на с. Долно Орехово**

По однос на десетта точка Советниците задолжија стручно лице од општина Новаци и преставник од ЈПКД "Комунална Хигиена" – Новаци да направат увид и проценка од потребата за санација на селскиот водовод во с. Долно Орехово.

Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Заклучок за утврдување на потребата за санација на селскиот водовод во с. Долно Орехово

**11 точка : Барање на помош за санација на поилки од МЗ на с. Живојно**

Советниците по однос на оваа точка го задржаа истиот став како и претходната точка односно се задолжуваат стручни лица од општинската администрација на општина Новаци и ЈПКД "Комунална Хигиена" – Новаци да направат проценка на потребата од санација на постоечки бетонски водопила во с. Живојно.

Советот **едногласно** донесе: Заклучок за утврдување на потребата за санација на водопоила во с.Живојно

**12 точка: Барање на помош во матерјали (црево за вода) од МЗ на с.Скочивир**

Дванаесеттата точка се однесува на барање за поставување на црево за вода преку мостот на Црна река во с. Скочивир за кое барање Советниците ја предложија истата постапка т.е стручни лица од општина Новаци и ЈПКД "Комунална Хигиена" – Новаци да излезат на терен и да ја утврдат фактичката состојба.

Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Заклучок за утврдување на потребата за поставување на црево за вода преку мостот на "Црна река" во с.Скочивир.

Пред да продолжат со разгледување на преостанатите точки од Дневниот ред кои се однесуваат на барања за еднократна парична помош на физички лица, советничката Сузана Јовановска на советниците им скрена внимание за проблемите со кои се соочува ООУ „Славко Лумбарковски" во врска со заостанатиот долг за потрошена електрична енергија. Затоа на 9-тата Седница на Советот на општина Новаци беа повикани Градоначалникот Стевче Стевановски и Оливера Димитровска - раководител на оделение за финансии со цел да се пронајде начин за надминување на ситуацијата.

Во дискусија меѓу присутните се донесе одлука општина Новаци во најкус можен рок да го подмири заостанатиот јануарски долг на ООУ „Славко Лумбарковски" кон ЕВН со цел да се избегнат несакани ситуации кои би го отежнале реализирањето на воспитно - образовниот процес на основното училиште во општина Новаци.

**13. точка: Барање за финансиска помош од лицето Василка Стојановска од с.Новаци**

Советот со **8** гласови **за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Василка Стојановска од с.Новаци во висина од 10.000,00 бруто износ.

**14. точка: Барање за финансиска помош од лицето Благоја Вељановски од с.Долно Агларци**

Советот со **8** гласови **за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Благоја Вељановски од с.Долно Агларци во висина од 10.000,00 бруто износ.

**15. точка: Барање за финансиска помош од лицето Добре Котевски од с.Добромири за неговиот син Ѓорѓи лице со посебни потреби**

Советот со **8** гласови **за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Добре Котевски од с.Добромири во висина од 10.000,00 бруто износ.

**16. точка: Барање за финансиска помош од лицето Милица Стевановска од с.Новаци**

Советот **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Милица Стевановска од с.Новаци во висина од 10.000,00 бруто износ.

**17. точка: Барање за финансиска помош од лицето Васко Крстевски од с. Гермијан за неговиот брат Јоцо Крстевски – лице со посебни потреби**

Советот **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Васко Крстевски од с.Гермијан во висина од 10.000,00 бруто износ.

18. **точка: Барање за финансиска помош од лицето Оливер Митровски од с.Долно Агларци**

Советот **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Оливер Митровски од с.Долно Агларци во висина од 10.000,00 бруто износ.

19. **точка: Барање за финансиска помош од лицето Слободан Крстевски од с. Долно Агларци како домаќинство во социјален ризик**

Советот **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Слободан Крстевски од с. Долно Агларци во висина од 10.000,00 бруто износ.

20. **точка: Барање за финансиска помош од лицето Љупчо Митковски од с. Рапеш за неговата ќерка Јагода, лице со оштетен вид**

Советот **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Љупчо Митковски од с. Рапеш во висина од 10.000,00 бруто износ.

21. **точка: Барање за финансиска помош од лицето Станко Мицевски од с. Новаци како лице со посебни потреби**

Советот **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Станко Мицевски од с. Новаци во висина од 10.000,00 бруто износ

22. **точка: Барање за финансиска помош од лицето Крстевска Ленче од с. Живојно за лекување**

Советот **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Крстевска Ленче од с. Живојно во висина од 10.000,00 бруто износ

23. **точка: Барање за финансиска помош од лицето Томе Ѓоргиевски од с. Гнеотино како лице со посебни потреби**

Советот **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Томе Ѓоргиевски од с. Гнеотино во висина од 10.000,00 бруто износ

24. **точка: Барање за финансиска помош од лицето Благојче Кулевски од с. Живојно како лице со посебни потреби**

Советот **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Благојче Кулевски од с. Живојно во висина од 10.000,00 бруто износ

25. **точка: Барање за финансиска помош од лицето Даниела Крстевска од с. Новаци за лекување**

Советот **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Даниела Крстевска од с. Новаци во висина од 10.000,00 бруто износ

26. **точка: Барање за финансиска помош од лицето Злате Јовановски од с. Новаци за реконструкција на кров од куќа.**

По однос на ова прашање советниците го предложија следното: имено со реконструкција на општинската зграда дел од неоштетените ќерамиди се сместени во дворот на основното училиштето во с.Новаци. Советот предложи Злате Јовановски (семејство во социјален ризик) да ги употреби истите ќерамиди за реконструкција на сопствениот кров по претходно направената проценка од страна на стручно лице вработено во општина Новаци.

Советот **едногласно** донесе Одлука за доделување на ќерамиди останати од реконстукција на општинската зграда во с.Новаци на Злате Јовановски од с.Новаци

Записничар: Н. Лозановска

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

______________________________